# ЗАПИСНИК

од седмата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација

одржана на 06.12.2019г. (петок) во 10:00ч.

Сала за состаноци во Кабинетот на МИОА

*Присутни: Александар Бајдевски (МИОА), Адем Авзиу (МИОА), Билјана Николовска Жагар (МИОА), Маја Стојановска (МТСП), Пламен Георгиевски (МЛС), Маја Малјановска (МП), Снежана Нацаковска (СЗ), Татјана Трајковска (МФ), Наташа Наумовска (ДЗС), Александра Стојановска (КЈПСПИЈК), Јулијана Караи (СЕП), Огнен Граорковски (КПВРСМ), Мирче Јанев (ГСВРСМ), Кристина Димовска (МИОА), Ирена Бојковска (МИОА), Гордана Г. Димитровска (МИОА), Надица Јосифовски (МИОА)*

**Александар Бајдевски** ги поздрави присутните и им го претстави новиот член на Секретаријатот за РЈА, државниот секретар на МИОА Адем Авзиу, поради кој ќе треба да се направи ново решение во кое токму тој ќе стои како нов член на местото на Јахи Јахија.

Веднаш потоа го предложи Дневниот ред за оваа седница.

**<u>Дневен ред:</u>**

1. Усвојување на записникот од шестата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација
2. Полугодишен извештај на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација
3. ИПА 2017 проект за реорганизација и оптимизација на органи на државна управа, агенции и инспекциски служби
4. Меѓуресорска координација во процесот на реформа на јавната администрација
5. Разно

Во однос на **точка 1 - Усвојување на записникот од шестата седница на Секретаријатот за реформа на јавната администрација**, присутните немаа забелешки со што истиот едногласно беше усвоен.

За **точката број 2 - Полугодишен извештај на Стратегијата за реформа на јавната администрација**, Бајдевски кажа дека истиот е доставен до сите членови на

Секретаријатот за РЈА и им даде збор на координаторите на приоритетните области да ги нотираат најважните работи од Извештајот.

**Гордана Гапиќ Димитровска**, координатор на **Првата приоритетна област - Креирање на политики и координација**, ги извести присутните дека во однос на оваа област во извештајот е концизно наведено што се е сработено, какви се резултатите и кои се предизвиците. Она што таа го истакна е дека од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 78% од истите се реализирани или се во фаза на реализација согласно предвидениот рок. Додаде дека се издвоени успешните приказни, како и она што последно е сработено. Извести дека во меѓувреме се случувале и други активности, кои се особено значајни за оваа област, кои, иако не се предвидени во Акцискиот план, во огромна мера ќе се одразат во ажурирањето на податоците. Нагласи дека наидуваат на предизвици во однос на имплементацијата и реализацијата. Досегашното спроведување на мерките и активностите покажало дека голем број од истите не можат да бидат финално завршени бидејќи се условени од реализација на активности од други институции. Дел од активностите кои се однесуваат на Проценка на влијание на регулативата од страна на МИОА се завршени, но се чека на измена и дополна на Деловникот за работа на Влада на РСМ и дополнително во делот на мерките кои се однесуваат на стратешко и среднорочно планирање се очекува донесување на новиот Закон за буџети, каде ќе се даде основата за понатамошно разработување на оваа материја. Таа, исто така, напомна дека во наредниот период ќе се пристапи кон ажурирање и редефинирање на мерките и активностите со утврдување на нови остварливи рокови, утврдување на нови институции, подготовка на нови или изменување на постоечките индикатори со цел да се обезбеди соодветна мерливост на мерките и активностите.

**Билјана Николовска Жагар,** координатор на **Втората приоритетна област - Државна служба и управување со човечки ресурси,** извести дека ИПА 2017 Проектот „Поддршка кон државната реорганизација" започна со имплементација на 06.11.2019г., при што на експертите кои работат на истиот им се дадени сите релевантни документи кои се направени од 2018 година, согласно АП на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022. Мапирањето на институциите, Извештајот за наодите од мапирањето на институциите се направени со поддршка на УНДП, додека Функционалната анализа на инспекциските служби на централно ниво е сработена со поддршка на УСАИД.

Во изминатиот период, до отпочнувањето на ИПА проектот во реализацијата на активностите, беше обезбедена поддршката и тесната соработка со СИГМА во рамки на која беа изработени предлог верзии на Законот за организација на органите на

државна управа и на Законот за министерствата. Соработката на СИГМА и МИОА - како водечка институција во процесот на РЈА, независно од отпочнувањето на овој проект, продолжува и понатаму.

Во изминатиот месец, покрај собирањето на релевантните податоци за успешен почеток на реализација на активностите од проектот, беше изготвен и План за видливост и комуникација на ИПА Проектот. Овој план ќе се осврне на промоција на активностите, целите и резултатите од реорганизацијата за пошироката јавност.

На 16ти декември 2019 година ќе биде одржан состанок на Советот за реформа на јавната администрација, на кој од страна на МИОА и проектните експерти ќе бидат презентирани повеќе детали и идни чекори. На овој состанок ќе присуствуваат и членовите на Секретаријатот за РЈА како и по уште еден претставник од секоја од институциите учеснички, кој е целосно упатен во работата на институцијата или лице кое во иднина би било контакт точка за соработка.

Проектот е составен од две компоненти и тоа: Компонентата 1 - Оптимизација и рационализација на органите на државната управа, агенциите и инспекциските служби и Компонента 2 - подобрување на рамката на дискреционите овластувања.

Во рамките на првата компонента се содржани четири активности: 1. Спроведување на целосна и сеопфатна функционална анализа на органите на државната управа, министерствата и другите органи на државната управа, агенциите и инспекциските служби на централно ниво кои во моментот се оперативни; 2. Драфтирање на нови закони и/или изменување на постојните закони и подзаконски акти; 3. Спроведување на функционална анализа на општините и 4. Воспоставување на онлајн алатка за следење на процесот на реорганизација.

Предвидените активности во рамките на втората компонента, треба да се спроведат во тесна соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата.

На крајот истакна дека најважен е интересот на државата како и реформите во духот на европските вредности и затоа се стремиме кон реорганизација на повеќе од 130 институции. Исто така, спомена дека е формиран Управен одбор, со цел обезбедување на непречена стручна и техничка поддршка, како и следење на напредокот во имплементација на предвидените активности, за кој се добиени номинации на членови и е потпишано решение кое ќе им биде доставено на клучните институции во овој процес. Од исклучителна важност за успешноста на проектот е непречено да продолжи соработката и отвореноста на министерствата, агенциите и инспекциските служби.

**Кристина Димовска**, координатор на **Приоритетна област 3 – Одговорност, отчетност и транспарентност**, посочи на фактот дека голем дел од активностите

доцнат, меѓутоа тоа се активности предвидени за реализација во рамки на ИПА проекти - во МИОА за реорганизација и оптимизација на органите на државна управа, агенции и инспекциски служби, како и проектите за поддршка на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Државната комисија за спречување корупција. Направена е ревизија согласно новата временска рамка предвидена во ТОР-овите и очекува во следниот Извештај состојбата да биде сменета, односно активностите да бидат во процес на имплементација. Од успешни приказни ја издвојува унапредувањето на примената на Законот за општа и управна постапка, каде истакна дека има силен интензитет на имплементација на активностите и доста успешни резултати.

**Надица Јосифовски**, координатор на **Приоритетна област 4 – Давање услуги и ИКТ поддршка на администрацијата**, извести дека во извештајниот период реализирани се 57% од предвидените активности, додека голем дел од останатите активности се завршени во овој меѓупериод а останатите се очекува да бидат завршени во следниот. Истакна дека во Салата во Скопје се поставени дисперзираните шалтери од 10 институции од кои граѓаните може да добиваат услуги, а отпочнати се и градежни активности за новите Една точка за услуги – центри во Охрид, Куманово и Тетово. Платформата за дигитализација на процесите од областа на општа управна постапка е исто така реализирана и пуштена во продукција. Обезбедена е поддршка од шест институции за имплементација на КАФ моделот, а во тек е и изработка на веб страна за управување со квалитетот во јавниот сектор за КАФ. Оние активности коишто отпочнаа во овој извештаен период и сеуште се во тек се изготвување на долгорочна ИКТ стратегија, како и Регистерот за население кој е пуштен во продукција по завршување на извештајниот период и ќе влезе во следниот извештај. Усвоен е Законот за електронско управување и електронски услуги, активностите поврзани со Националниот портал за електронски услуги исто така се при крај. Истакна дека се соочуваат со повеќе предизвици кои се трудат да ги надминат, меѓу кои како најголем го издвои недостатокот од човечки ресурси, поради што се одлагаат дел од процесите. Дел од активностите веќе се вклучени во техничката спецификација за ИПА 2017, поради доцнењето и тие се одлагаат но се очекува да бидат реализирани. Се надеваат на уште подобри резултати во следниот извештаен период.

**Кристина Димовска** дополни дека при подготовка на овој извештај, идејата била да не се движат во насока на наративно прераскажување на спроведените активности, бидејќи целта се извештаи ориентирани кон резултати и импакт. Токму во таа насока, потпомогнати и во координација со експертите од СИГМА, како и по препорака на Европската комисија, одлучиле заедно со Извештајот да биде објавена и матрицата во која се прибираат податоци од институциите за степенот на

имплементација на активностите. Истакна дека е особено важно присутните да дадат коментари не само на извештајот, туку и на самата матрица, детално да се погледнат активностите од нивна надлежност и да дадат потврда дека е во ред или евентуално доколку има измени да се испратат за да може да се вметнат. Исто така, во многу од активностите во сите четири приоритетни области недостасуваат информации за следни чекори, утврдени или можни ризици, предлог нови датуми за имплементација на активностите и ги замоли членовите на институциите во рок од една недела да ги достават податоците кои недостасуваат.

**Билјана Николовска Жагар** додаде дека на Конференцијата на тема „Стратегија за реформа на јавната администрација за 2018-2022 – идни предизвици“, организирана со поддршка на ОБСЕ, започна процесот на ревизија на Акцискиот план, преку формирање на работни групи, за кои биле испратени покани до водечките институции и институциите учеснички. Таа, воедно информира дека очекувањата од ревизијата се да се направи реформулирање и преиспитување на активностите и редефинирање на рокови пред предизвикот и ризиците од евентуално одложување. Од страна на СИГМА, се очекува консултативна поддршка во однос на ревидирање и на пасошите на индикатори.

**Александар Бајдевски** побара од присутните најдоцна до среда 11.12.2019г. да се ажурираат и финализираат матрицата и активностите.

**Гордана Гапиќ Димитровска** побара да се организира дополнителна средба со претставници од Секретаријатот за европски прашања, Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии со цел да се направи соодветно ажурирање и ревидирање на мерките и активностите во Приоритетната област 1.

Во однос на **точка 3 - ИПА Проект за реорганизација и оптимизација на органи на државна управа, агенции и инспекциски служби**, Бајдевски истакна дека претставува срж на целата реформа. Извести дека функционалните анализи, кои согласно заклучок од седница на Влада институциите задолжително треба да ги достават до МИОА, ќе бидат појдовна основа за се она што ќе треба да се изработи во наредниот период.

Во однос на **точка 4** од дневниот ред **Меѓусекторска координација во процесот на реформа на РЈА**, Александар Бајдевски додаде дека носител на активноста не е МИОА туку сите институции учеснички заедно. Затоа апелира за будност, зголемена координација и навремена размена на информации.

**Пламен Георгиевски** од **Министерството за локална самоуправа** додаде дека столбот на координацијата треба да е Генералниот колегиум на државни секретари, каде треба се одвива постојана координација помеѓу државните

секретари на институциите кои ги следат предлог законите, измените кои директно не засегаат, за што Бајдевски рече дека ќе биде пренесено истото на колегиум и дека ќе го задолжи државниот секретар на МИОА да го пренесе ова на Генералниот колегиум.